Службен гласник
на Општина Струмица

Број 2	Четврток, 31 јануари 2019 год.

www.strumica.gov.mk

С о д р ж и н а

Совет на општина Струмица:

Рег. бр.		Стр.
10.	**Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за пополнување на работни места согласно Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Струмица	2
11.	**Одлука** за измена на Одлуката утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година	2
12.	**Одлука** за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2019 година	3
13.	**Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2573, 2559/1 КО Банско	4
14.	**Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7953/2 КО Струмица	4
15.	**Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7898/1 КО Струмица	5
16.	**Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7756 и КП бр. 7757 КО Струмица	6
17.	**Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП 771 и КП 770 КО Баница	6
18.	**Решение** за дополнување на Решението за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детското престапништво на општина Струмица	7
19.	**Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2019 година	8
20.	**Програма** за работа на Советот на општина Струмица за 2019 година	8
21.	**Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2019 година	15
22.	**Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта- Струмица“ Струмица за 2019 година	15
23.	**Заклучок** за донесување на Годишен план за вработување за 2019 година во Општинската администрација на општина Струмица	16
24.	**Заклучок** за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица	16
25.	**Предлог-План** за запишување на ученици во прва година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2019/2020 година	17

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за пополнување на работни места согласно Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за пополнување на работни места согласно Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-696/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

10.

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за давање согласност за обезбедени финансиски средства за пополнување на работни места согласно Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Струмица

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за пополнување на работни места согласно Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-696/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-697/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

11.

Врз основа на член 88 став 4 од Законот за административни службеници (“Службен весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

О д л у к а
за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година

Член 1

Во Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година („Службен гласник на општина Струмица број 20/18), член 1 се менува и гласи:

„Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-697/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2019 година

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-698/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

12.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Струмица, за 2019 година за новороденче со живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Струмица, во нето износ од 3.000,00 денари

Член 2

Право на еднократна парична помош за новороденче има мајка родилка која родила едно или повеќе живородени деца (близнаци, тројка или повеќе) при раѓање.

По исклучок правото на еднократна парична помош може да ја оствари и таткото новороденчето.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче се поднесува барање до Градоначалникот на општина Струмица, најдоцна до наполнети три месеци живот на детето.

Барањата кои се поднесени по третиот месец од раѓањето на детето нема да бидат предмет на разгледување.

Член 4

Со барањето за остварување на еднократна парична помош за новороденче се приложуваат следните документи:

- Лични карти од мајката и таткото на новороденчето и др. документи кога новороденчето е со еден родител или без родители (копија).
- Извод од матичната книга на родените за детето (копија)
- Трансакциона сметка.

Член 5

Еднократната парична помош за новороденче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначаникот на општина Струмица со поединечно решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2019 година, поточно од потпрограмите А0 – Совет, Е0 – Општинска Администрација и Д0 – Градоначалник.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-698/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2573 и КП бр. 2559/1 КО Банско

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2573 и КП бр. 2559/1 КО Банско, донесена на седницата на

Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-705/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

13.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2573, 2559/1 КО Банско

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект,станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 2573 и КП бр. 2559/1 КО Банско, во сопственост на лицето Фаил Фетиков.

Објектот на КП бр.2573 и КП бр. 2559/1 КО Банско, според УПС за с.Банско. се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на лицето Џевад Демиров (КП бр.2559/1) и Р.М. (КП бр.2573).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-705/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7953/2 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7953/2 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-706/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

14.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7953/2 КО Струмица

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект,викенд куќа, кој се наоѓа на КП бр. 7953/2 КО Струмица, во сопственост на лицето Иринка Петрова.

Објектот на КП бр.7953/2 КО Струмица, според ГУП за град Струмица. се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на лицето Р.М.

.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-706/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7898/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7898/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-707/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

15.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7898/1 КО Струмица

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, викенд куќа, која се наоѓа на КП бр. 7898/1 КО Струмица, во сопственост на лицето Крум Митев од Струмица.

Објектот на КП бр.7898/1 КО Струмица, според ГУП на град Струмица. се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Р.М.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-707/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7756 и КП р. 7757 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7756 и КП бр. 7757 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-708/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

16.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7756 и КП бр. 7757 КО Струмица

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект,станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 7756 и КП бр. 7757 КО Струмица, во сопственост на лицето Ангел Шенов.

Објектот на КП бр.7756 КО Струмица, според ГУП за град Струмица. се наоѓа надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на лицето Ангел Шенов, а објектот на КП бр. 7757 КО Струмица на земјиште сопственост на Шенов Ѓорге, Шенов Митко и Шенова Стојна.

Член 2

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на грдежно земјиште за КП бр. 7756 и КП бр. 7757 КО Струмица бр.07-1487/1 од 28.02.2012 година („Службен гласник на општина Струмица број 4/12).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-708/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 771 и КП бр. 770 КО Баница

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 771 и КП бр. 770 КО Баница, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр. 09-709/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

17.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

О д л у к а
за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 771 и КП бр. 770 КО Баница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, која се наоѓа на КП бр. 771 КО Баница и

дел од КП бр. 770 КО Баница во сопственост на Виолета Витанова од с.Баница.

Објектот на КП бр. 771 КО Баница, се наоѓа во зона на зеленило и инфраструктура, на земјиште со право на сопственост на лицето Виолета Витанова од с.Баница, а делот од КП бр. 770 КО Баница на земјиште сопственост на Р.М.Кор.АД Струмица Табак од Струмица

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-709/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за дополнување на Решението за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детското престапништво на општина Струмица

Се објавува Решението за дополнување на Решението за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детското престапништво на општина Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-702/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

18.

Врз основа на член 158 став 2 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13), член 2 од Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детското претстапништво на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 7/17) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

Р е ш е н и е
за дополнување на Решението за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детското престапништво на општина Струмица

1. Во Решението за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детското престапништво на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица број 15/18) во став 1 по точка 14 се додава:

„15. Вида Матушко - претставник од Адвокатската комора на Република Македонија.“

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-702/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2019 година

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2019 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-704/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

19.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17 и 64/18) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

П р о г р а м а
за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2019 година

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2019 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 20/18), се врши следното дополнување:

Во глава II

Детални урбаниститички планови во градот - самофинансирање

Во табелата по реден број 50 се додава

Ред.бр.	објект	Начин на финасирање
51	Детален урбанистички план за дел од блок 33 УЕ4, по ГУП за град Струмица, со плански опфат со следните граници: - од источна страна со ул„Крсте Мисирков“ и ул„Стив Наумов“, - од северна страна со ул„Вера Циривири“, - од западна страна со ул „Стив Наумов“ и ул„Партизанска“, - и од јужната страна со ул„Тошо Арсов“.	Самофинансирање

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-704/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2019 година

Се објавува Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2019 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-694/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

20.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 став 1 точка 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

Програма
за работа на Советот на општина Струмица
за 2019 година

I. Општ дел

Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2019 година, се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на Република Македонија, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа како и Статутот на општина Струмица и Деловникот за работа на Советот на општина Струмица.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот, обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

II. Посебен дел

Јануари – јули 2019 год.

1. **Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за втората половина од 2018 година**
   Изработува: СВР Струмица
   Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
   Усвојува: Совет на општина Струмица
2. **Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2018 година;**
   Изработува: Сектор за финансиски прашања
   Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   Усвојува: Совет на општина Струмица
3. **Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2018 година;**
   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица
4. **Извештај за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2018 година;**
   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица
5. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2018 година;**
   Изработува: ЈП „Паркиралишта – Струмица“
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица
6. **Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2018 година;**
   Изработува: Одделение за урбанизам
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица
7. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното зеленило во 2018 година;**
   Изработува: ЈПКД „Комуналец“ Струмица
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица
8. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистоќа во 2018 година**;
   Изработува: ЈПКД „Комуналец“ Струмица
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2018 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

10. **Извештај за реализација Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2018 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

11. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2018 година**
Изработува: Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

12. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2018 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
Усвојува: Совет на општина Струмица

13. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2018 година**;
Изработува: Сектор за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2018 година;**
Изработува: Одделение за општи и правни работи и ТППЕ – Струмица.
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Извештај за реализација на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2018 година;**
Изработува: Организациониот одбор на Струмичкиот карневал;
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт; и
Комисија за општествени дејности;
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2018/2019 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2019 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

18. **Извештај за работата на ЈПКД “Комуналец” за 2018 година;**
Изработува: ЈПКД “Комуналец” Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. Финансов извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" со Завршна сметка за 2018 година;
Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. Извештај за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2018 година;
Изработува: ЈП "Паркиралишта - Струмица" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. Финансов извештај за работата на ЈП "Паркиралишта - Струмица " со Завршна сметка за 2018 година;
Изработува: ЈП „Паркиралишта" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. Извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2018 година;
Изработува: ЈП "Струмица гас" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. Финансов извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" со Завршна сметка за 2018 година;
Изработува: ЈП „Струмица - гас" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. Годишни завршни сметки на Средните општински училишта за 2018 година и тоа:
- **Средно општинско училиште "Јане Сандански" Струмица**
- **Средно општинско училиште "Димитар Влахов" Струмица,**
- **Средно општинско училиште "Никола Карев" Струмица**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. Годишни завршни сметки на Основните општински училишта и предучилишни установи за 2018 година и тоа:
- **ООУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ООУ "Сандо Масев" Струмица;**
- **ООУ "Видое Подгорец" Струмица;**
- **ООУ "Маршал Тито" Струмица;**
- **ООУ "Даме Груев" Куклиш;**
- **ООУ "Маршал Тито" Муртино;**
- **ООУ "Гоце Делчев" Вељуса;**
- **ООУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле;**
- **ООУ "Герас Цунев" Просениково;**
- **Основното музичко училиште "Боро Џони" Струмица;**
- **ЈОУДГ "Детска радост" Струмица**

Изработуваат: Училиштата и ЈОУДГ "Детска Радост" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. Извештај за работата со годишна завршна сметка на Дом за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2018 година;
Изработува: Дом за деца и млади "Благој Мучето"
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
Усвојува: Совет на општина Струмица

27. Извештај за работата со Годишна завршна сметка на ЛУБ "Благој Јанков - Мучето" Струмица, за 2018 година;
Изработува: ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
Усвојува: Совет на општина Струмица

28.Буџетски календар за подготовка на Буџетот на општина Струмица во 2020 година;
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

29.Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за првите шест месеци од 2019 година
Изработува: СВР Струмица
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

Септември – декември 2019 г.

1. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2019 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

2. **Извештаи за работа на средните училишта во Општина Струмица во учебната 2018/2019 година и тоа:**
   - **СОУ “Јане Сандански” Струмица**
   - **СОУ “Димитар Влахов” Струмица,**
   - **СОУ “Никола Карев” Струмица.**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештаи за работа на основните училишта во Општина Струмица во учебната 2018/2019 година и тоа:**
- ОУ “Никола Вапцаров” Струмица;
- ОУ “Сандо Масев” Струмица
- ОУ “Видое Подгорец” Струмица,
- ОУ “Маршал Тито” Струмица,
- ОУ “Даме Груев” Куклиш,
- ОУ “Маршал Тито” Муртино,
- ОУ “Гоце Делчев” Вељуса
- ОУ “Св. Кирил и Методиј” Дабиле,
- ОУ “Герас Цунев” Просениково
Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

4. **Извештај за работа на Основното музичко училиште “Боро Џони” Струмица во учебната 2018/2019** година;
Изработува: ОМУ “Боро Џони” Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Извештај за работа на ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица во учебната 2018/2019 година;**
Изработува: ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Предлог - Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општина Струмица во учебната 2019/2020 година и тоа:**
- СОУ “Јане Сандански” Струмица;
- СОУ “Димитар Влахов” Струмица;
- СОУ “Никола Карев” Струмица;
Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

7. **Предлог-Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2019/2020 година и тоа:**

- ООУ “Никола Вапцаров” Струмица;
- ООУ “Сандо Масев” Струмица
- ООУ “Видое Подгорец” Струмица,
- ООУ “Маршал Тито” Струмица,
- ООУ “Даме Груев” Куклиш,
- ООУ “Маршал Тито” Муртино,
- ООУ “Гоце Делчев” Вељуса
- ООУ “Св. Кирил и Методиј” Дабила,
- ООУ “Герас Цунев” Просениково
Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Предлог-Годишна програма за работа на Основно музичко училиште “Боро Џони” Струмица за учебната 2019/2020 година;**
Изработува: ОМУ “Боро Џони” Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" - Струмица за учебната 2018/2019 година;**
Изработува: ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

10. **Програма за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2019/2020 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

11. **Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" за 2020 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

12. **Програма за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2020 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

13. **Програма за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2020 година;**
Изработува: ЈПКД "Струмица-гас" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2020 година;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2020 година**;
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Програма за Јавното осветлување на општина Струмица за 2020 година;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Програма за донесување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица во 2020 година**;
Изработува: Одделение за урбанизам
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува : Совет на општина Струмица

18. **Програма за одржување на јавната чистоќа во 2020 година;**
Изработува: ЈПКД „Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. **Програма за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2020 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

22.**Програма за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2020 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. **Програма за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2020 година**
Изработува: Одделение за локален економски развој

Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Програма за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2020 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Програма за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2020 година**;
Изработува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Програма за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2020 година;**
Изработува: Одделение за општи и правни работи и ТППЕ Струмица
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Програма – календар за одбележување на празници и манифестации во 2020 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за општествени дејности
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. **Програма за реализацијата на Струмички карневал – 2020 год.**
Изработува: Организационен одбор на Струмичкиот карневал
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. **Предлог-Буџет на општина Струмица за 2020 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

27. **Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2020 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

28. **Програма за работа на Советот на општина Струмица за 2020 година.**
Изработува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Разгледува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Усвојува: Совет на општина Струмица

III. Нормативен дел

Овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2019 година ја регулира нормативната дејност на Советот односно донесување на програми, одлуки, решенија и заклучоци од надлежност на Советот, како и акти за усогласување со постојните прописи и прописите што ќе бидат донесени во текот на 2019 година од страна на државните органи.

Материјалите утврдени со Програмата и другите акти по кои Советот ќе се произнесува во текот на 2019 година претходно ќе ги разгледуваат комисиите при Советот на општина Струмица, согласно надлежностите утврдени со Статутот на општина Струмица.

IV. Завршен дел

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници, да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2019 година, Советот на општина Струмица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2019 година, ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-694/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2019 година

Се објавува Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2019 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-700/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

21.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

З а к л у ч о к
за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2019 година

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2019 година, бр. 02-28/4 од 21.01.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-700/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта Струмица“ за 2019 година

Се објавува Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта Струмица“ за 2019 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-701/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

22.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

З а к л у ч о к
за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта Струмица“ за 2019 година

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта Струмица“ за 2019 година, бр. 02-57/5 од 22.01.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-701/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општинската администрација на општина Струмица

Се објавува Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општинската администрација на општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-695/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

23.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

З а к л у ч о к
за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општинската администрација на општина Струмица

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општинската администрација на општина Струмица;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-695/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица

Се објавува Заклучокот за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-699/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

24.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе

З а к л у ч о к
за давање согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица

1. Се дава согласност на Одлуката за отуѓување на движни ствари донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица бр. 02-580/1 од 24.12.2018 година, а кои движни ствари наведени во Одлуката се вишок, неисправни, технолошки некомпатибилни, технолошки застарени и кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-699/1 Совет на општина Струмица
30.01.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во средните општински училишта во Општина Струмица за учебната 2019/2020 година

Се објавува Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во средните општински училишта Општина Струмица за учебната 2019/2020 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.01.2019 година.

Бр.09-703/2 Општина Струмица
30.01.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....

25.

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 30.01.2019 година, донесе:

П р е д л о г - п л а н
за запишување на ученици во прва година во средните општинските училишта во општина Струмица во учебната 2019/2020 година

Училишта:

1. **Средно општинско училиште „ Јане Сандански “ Струмица**

Во прва година имаат можност да се запишат вкупно 374 ученика распоредени во 11 паралелки на македонски наставен јазик , од кои во :

Гимназиско образование

- 238 ученика распоредени во 7 паралелки, на македонски наставен јазик и во

Стручно образование

- 136 ученика распоредени во 4 паралелки на македонски наставен јазик и тоа на Економско-правна и трговска струка за профилот економски техничар во 3 паралелки и за банкарски техничар во 1 паралелка:

Општина/Град	**Струмица**
Средно општинско училиште	**СОУ„Јане Сандански“Струмица**

Вид на образование		**Предлог за учебната 2019/20 година**			
		Вкупно паралелки	**Вкупно ученици**	**Паралелки на мак.наст.јазик**	**Ученици на мак.наст.јазик**
1	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**
а) Гимназиско образование - вкупно		**7**	**238**	**7**	**238**
б) Стручно образование (во четиригодишно траење) вкупно		**4**	**136**	**4**	**136**
струка	**образовен профил**				
Економска правна и трговска	**Економски техничар**	**4**	**136**	**4**	**136**
в) Стручно образование (во тригодишно образование) вкупно :					
струка	**образовен профил**				
г) Стручно образование(во реформирано тригодишно траење) вкупно :					
струка	**образовен профил**				
ВКУПНО а) +б) + в)+ г)		**11**	**374**	**11**	**374**

2.Средно општинско училиште „Никола Карев “ Струмица

Во прва година ќе можат да се запишат вкупно 544 ученика распоредени во 16 паралелки на македонски наставен јазик и тоа во следните струки и профили на стручно образование :

Општина/Град	Струмица
Средно општинско училиште	СОУ„ Никола Карев “ Струмица

Вид на образование		Предлог за учебната 2019/20 година			
		Вкупно паралелки	Вкупно ученици	Паралелки на мак.наст.јазик	Ученици на мак.наст.јазик
1	2	3	4	5	6
а) Гимназија					
б) Стручно образование(во четиригодишно траење) вкупно :		10	340	10	340
струка	образовен профил				
Машинска	Техничар за компјутерско управување	1	34	1	34
	Машински техничар за моторни возила	1	34	1	34
Текстилна-кожарска	Техничар за моделирање на облека	1	34	1	34
Текстилна-кожарска	Техничар за дизајн на облека	1	34	1	34
Електротехничка	Електротехничар-енергетичар	1	34	1	34
	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	1	34	1	34
Сообраќајна	Техничар за патен сообраќај	1	34	1	34
	Техничар за транспорт и шпедиција	1	34	1	34
Шумарско-дрвопреработувачка	Техничар за мебел и ентериер	1	34	1	34
Градежно геодетска	Градежен техничар	1	34	1	34
в) Стручно образование (во тригодишно образование) вкупно :		6	204	6	204
струка	образовен профил				
Машинска	Автомеханичар / Каросериски механичар (комбинирана)	1	34	1	34
Машинска	Инсталатер на цевкини водови / Инсталатер за греење и климатизација (комбинирана)	1	34	1	34
Електротехничка	Електромеханичар за компјутерска техника и технологија	1	34	1	34
Електротехничка	Електромеханичар	1	34	1	34
Електротехничка	Електричар-електромонтер на електрични мрежи	1	34	1	34
Градежно -геодетска	Монтер за сува градба	1	34	1	34
г) Стручно образование(во реформирано тригодишно траење) вкупно :					
струка	образовен профил				
ВКУПНО а) +б) + в)+ г)		16	544	16	544

3. Средно општинско училиште „ Димитар Влахов “ Струмица

Општина/Град	**Струмица**
Средно општинско училиште со ученички дом	**СОУУД „ Димитар Влахов “Струмица**

Вид на образование		Предлог за учебната 2019/20 година			
		Вкупно паралелки	Вкупно ученици	Паралелки на мак.наст.јазик	Ученици на мак.наст.јазик
1	2	3	4	5	6
а) Гимназиско образование - вкупно					
б) Стручно образование (во четиригодишно траење) вкупно :		9	306	9	306
струка	образовен профил				
Земјоделско ветеринарна	Агротехничар	1	34	1	34
	Техничар за фитомедицина	2	68	2	68
	Техничар за агроменаџмент	1	34	1	34
Хемиско-технолошка	Прехрамбен техничар	2	68	2	68
Здравствена струка	Фармацевтско-лабораториски техничар	1	34	1	34
	Медицинска сестра	1	34	1	34
	Физиотерапевтски техничар	1	34	1	34
в) Стручно образование (во тригодишно образование) вкупно :		2	68	2	68
струка	образовен профил				
Земјодеско-ветеринарна	Поледелец	1	34	1	34
Хемиско-технолошка	Пекар	1	34	1	34
г) Стручно образование(во реформирано тригодишно траење) вкупно :					
струка	образовен профил				
ВКУПНО а) +б) + в)+ г)		11	374	11	374

4. Овој Предлог - План влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-703/1
30.01.2019 год.
С т р у м и ц а

Совет на Општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски с.р.